Согласно измените и дополнувањата на Правилата за котација, Ви приложуваме образложение на финансиските извештаи за период од 01.01. до 31.12.2022 год.

Друштвото за период од 01.01. до 31.12. 2022 година нема евидентирани никакви промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните ревидирани финансиски извештаи.

Во пресметковниот период јануари – декември од деловната 2022 година остварени се оперативни приходи во износ од 55.251 илјади денари кои бележат зголемување за 58% во однос на истиот пресметковен период од минатата година.

Во структурата на оперативните приходи приходите од продажба бележат зголемување од 68% во споредба со истиот период од минатата година.

Вкупните оперативни расходи во 2022 година изнесуваат 47.603 илјади денари кои бележат зголемување за 56% во однос на истиот период од минатата година, што се должи на зголемениот обем на работа.

Финансиските приходи во пресметковниот период од деловната година 2022 година се зголемени од финансиските приходи во пресметковниот период на минатата година.

Финансиските расходи во пресметковниот период се поголеми од финансиските расходи од претходната деловната година за 3%.

А.Д.Ангропромет-Тиквешанка Кавадарци за периодот јануари – декември 2022 година оствари позитивен финансиски резултат , бруто добивка пред оданочување во износ од 6.804 илјади денари.

Друштвото за деловната 2022 година нема исплата на дивиденда.

Друштвото во деловната 2022 година има направено вложувања во фотоволтаична централа .

Вкупните обврски по кредити на 31.12.2022 година изнесуваат 26.563 илјади денари

Друштвото ги следи економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

А.Д.Ангропромет-Тиквешанка Кавадарци

Кавадарци 09.03.2023 година